РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 03-39/1

Скопје 03.01.2014г.

До: Сите ТВ програмски сервиси на МРТ

За: Директорот и одговорните уредници

Предмет: Информација за обврските кои произлегуваат од Законот за медиуми и од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Бул. ВМРО бр.3
1000 Скопје
Република Македонија

Тел.(02) 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact @avmu.mk

Почитувани,

Од 3 јануари 2014 година влегуваат во сила Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ" бр. 184/2013).

Интегралните текстови на двата закони ќе бидат објавени на новата веб страница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (www.avmu.mk), која е правен наследник на Советот за радиодифузија. Во продолжение на дописов Ве информираме за обврските кои телевизиските програмски сервиси ќе ги имаат согласно овие два закони. Некои од обврските се исти како и досегашните, некои се видоизменети, а некои се нови:

- Именување одговорен уредник (член 8 од Законот за медиуми);
- Објавување информации за седиштето и уредништвото на медиумот и за авторот, носителите на авторски права, датумот и потеклото на продукцијата на соодветно место за секоја емитувана содржина (член 14 од Законот за медиуми);
- Објавување исправка односно одговор на објавена информација (членови 18, 19, 20, 21, 23 и 27 од Законот за медиуми);
- Евиденција на дневно емитуваната програма и снимање на излезниот сигнал (член 47 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);
- Обезбедување дека медиумските услуги нема да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност и уставниот поредок и со кои се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност (член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);
- Почитување на договорите со имателите на права за емитување кинематографски дела (член 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);
- Обезбедување дека медиумските услуги нема да содржат програми кои можат сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, особено програми со порнографија и непотребно насилство и почитување на техничките мерки пропишани од Агенцијата за заштита на малолетните лица (член 50 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски

услуги);

- Обезбедување директен и постојан пристап на корисниците до податоците за името, заштитниот знак, знакот за идентификација, адресата на седиштето и податоци за остварување контакт со давателот на услугата, а кога тоа е возможно и податоци за надлежното регулаторно тело (член 51 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Почитување на правилата пропишани од Агенцијата за емитувањето квизови и други програми во кои се ветуваат награди (член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Почитување на општите правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации (член 53 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Почитување на правилата за спонзорство (член 54 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Почитување на правилата за пласирање производи во програмите (член 55 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Почитување на начелата за емитување програма (член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Почитување на правилата за употреба на јазикот (член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Почитување на правилата за емитување настани од големо значење (член 87 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Почитување на правилата за кратко известување од настани за кои постои висок интерес кај јавноста, а за кои ексклузивни права за емитување имаат други радиодифузери (член 89 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Почитување на обврските за минималното времетраење на дневното емитување (член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Почитување на обврските за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти од страна на телевизиските програмски сервиси на државно ниво (член 91 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање во програмите во кои тоа е дозволено во согласност со правилата пропишани од Агенцијата (член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Емитување игри на среќа организирани само од субјекти со лиценца од надлежен орган за организирање игри на среќа. Почитување на забраната, Јавниот радиодифузен сервис да не организира и да не емитува игри на среќа со обложување на спортски натпревари (член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Јасно одвојување на рекламирањето и телешопингот од другите програми (член 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Почитување на правилата за начинот на емитување на рекламирањето и на телешопингот, на правилата за нивно вметнување во програмите и на забраните за емитување рекламирање и

телешопинг во конкретни видови програми (член 99 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Не е дозволено, ниту визуелно, ниту тонски, во рекламирањето и телешопингот да учествуваат лица кои редовно презентираат вести и актуелно-информативни програми (член 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

- Времетраењето на рекламирањето и на телешопингот не смее да изнесува повеќе од 8 минути на еден реален час. Во ова време не спаѓаат промотивните најави за сопствената програма, најавите за спонзорство и за пласирање производи, како и соопштенијата од јавен интерес и апелите за добротворни цели што радиодифузерите ќе ги емитуваат бесплатно. Почитување на посебните правила за емитување рекламирање на Јавниот радиодифузен сервис (член 103 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Почитување на обврските на МРТ во однос на програмите и програмските сервиси кои ги емитува (член 110 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Почитување на стандардите и начелата за Јавниот радиодифузен сервис (член 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Почитување на обврската за архивирање на аудио и аудиовизуелните дела на МРТ (член 112 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Посебно Ви обрнуваме внимание на одредбите кои се однесуваат на заштитата и негувањето на културниот идентитет:

- Дневно емитување 40% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници што живеат во Република Македонија од страна на Јавниот радиодифузен сервис. Од 2015 година обврската се зголемува на 50%, а од 2016 година на 60%. Најмалку половина од овој процент треба да се емитува во периодот од 7:00 до 19:00 часот (член 92 ставови 2, 3 и 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Емитување најмалку 14 часа вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници во текот на неделата од страна на Јавниот радиодифузен сервис од кои 50% забавна и 50% народна музика. Обезбедување најмалку 50% од емитуваната вокална и/или вокално-инструментална музика во текот на едно деноноќие на најмалку еден телевизиски програмски сервис на македонски јазик и на телевизискиот програмски сервис на јазиците на етничките заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија, да биде на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници. Најмалку половина од оваа музика треба да се емитува во периодот од 7:00 до 19:00 часот (член 92 ставови 4, 5 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- Годишно произведување најмалку 30 часа домашна документарна програма и најмалку 30 часа домашна играна програма од страна на Јавниот радиодифузен сервис и нејзино емитување во периодот од 7:00 до 19:00 часот (член 92 ставови од 8 до 11 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ
Претседател,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

*Подготвиле и одобриле:*
*м-р Емилија Петреска – Камењарова и м-р Емилија Јаневска*